Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-87/1
Охрид, 27.1.2022 год.

Врз основа член 94 од Законот за високото образвоние („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и 197/2021) и член 19 од Правилникот за техничките и организациските мерки за информацискиот систем и информатичката структура за безбедност при обработка на личните податоци во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а во врска со член 35 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 122/20), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” Охрид, на седницата одржана на ден 27.01.2022 донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на уништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид (во натамошниот текст: Универзитетот).

Член 2

Документите коишто содржат лични податоци, по истекот на определениот рок за нивно чување, се уништуваат комисиски, а членовите на комисијата ги назначува ректорот на Универзитетот.

Документите од став 1 на овој член се уништуваат на уред за ситнење (шредер), при што истите повторно не можат да бидат употребливи, за што комисијата составува записник којшто го доставува до ректорот на Универзитетот.

Во записникот задолжително се наведуваат сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат, како и категориите на лични податоци содржани во истите. Одредбите од овој член се применуваат и при уништувањето на копиите или умножените документи.

Член 3

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за нивно чување, медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко раздвојување на неговите составни делови, при што истиот нема да биде повторно употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци.

За постапката од став 2 и 3 на овој член се составува комисиски записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите лични податоци снимени на истиот.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а ќе биде објавен и на веб-страната на Универзитетот.

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите во Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, арх. бр. 759/1 од 28.06.2013 година.

Претседател на Универзитетски сенат
Вонр. проф. д-р Атанас Христов, с.р.